## ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Со желба да ја задржи лидерската позиција во однос на квалитетот и асортиманот во областа на преработката на млеко, производството на млечни производи и природни овошни сокови, **МЛЕКАРА АД БИТОЛА** се обврзува постојано да ја унапредува ефикасноста на системите за управување согласно имплементираните стандарди, водејќи сметка за контекстот на организацијата, како и стратешкиот правец на истата.

Најважни принципи за остварување на оваа Политика се:

1. Во целост ги исполнуваме барањата и очекувањата на сите заинтересирани страни, со постојано подобрување на квалитетот на нашите производи и услуги, настојуваме да ја оправдаме довербата и да го зголемиме нивното задоволство.
2. Се залагаме за здрава животна средина и спречување на загадувањето на околината, спречување на повреди на работните места и опасностите по здравјето, како на вработените така и на сите присутни лица во работната средина.
3. Ги почитуваме сите релевантни законски и други барања кои се применливи за нашето работење и локација.
4. Врз основа на идентификација, анализа на ризиците и воспоставениот систем за управување со процесите, како и со ризиците и можностите, систематски ги контролираме потенцијалните опасности кои можат да ја загрозат безбедноста на суровините, адитивите, амбалажата, производите, услугите, како и работната околина и животната средина.
5. Континуирано работиме на унапредување на знаењето, свеста и компетентноста на вработените за ефикасна работа и за значењето, одговорноста и улогата на нивните активности врз квалитетот и безбедноста на нашите производи, како и свеста за здрава и безбедна работна и животна средина.
6. Работиме на развој на млекопроизводството преку воведување современи техники и технологии, едукација и помош на фармерите за да се обезбедат доволни количини сурово млеко со квалитет кој ги задоволува највисоките светски стандарди.
7. Одржуваме коректни партнерски односи со нашите добавувачи на производи и услуги, со позитивно влијание врз нивниот развој и евалуација на нивните перформанси заради квалитетно и навремено обезбедување суровина, опрема и услуга, а при тоа водејќи грижа за животната средина, како и за здравјето и безбедноста при работа.
8. Со помош на воспоставените методи за мониторинг и мерење на перформансите на процесите и нивното влијание врз животната и работната средина вршиме валидација и унапредување на ефикасноста и ефективноста на процесите во системите.
9. Работните задачи кои го поддржуваат системот за управување ги исполнуваме со најмали можни трошоци и најмало можно негативно влијание врз животната средина.
10. Соработуваме со сите заинтересирани страни заради позитивен, ефективен придонес за унапредување на животната и работната средина.
11. Политиката и целите транспарентно ги соопштуваме и објаснуваме на вработените, купувачите, како и на сите други заинтересирани страни.

Оваа Политика претставува рамка за воспоставување и ревидирање на целите, а раководството на **МЛЕКАРА АД БИТОЛА** е целосно одговорно за обезбедување соодветни ресурси и следење на нивното спроведување.

**МЛ-ЗП-КОр-06**
**РЕВИЗИЈА 12**
**14.05.2019**

bimilk

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**
**ЃОРЃИ ПЕТРУШЕВ**